



# ЗАПИСИ ОД АСНОМ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

342.53(497.7)”1944/1945”(083.824)
342.5(497.7)”1944/1945”(083.824)
342.1(497.7)”1944/1945”(083.824)

БУНТЕСКИ, Боро
Записи од АСНОМ / [автор на изложбата Боро Бунтески]. - Скопје :
НУ Музеј на Република Северна Македонија, 2020. - 44 стр. : фотографии ; 21 см

ISBN 978-9989-917-69-1

а) АСНОМ -- 1944-1945 -- Каталози б) Државна власт -- Создавање --
Македонија -- 1944-1945 -- Каталози

COBISS.MK-ID 51873541

# ЗАПИСИ ОД АСНОМ

Скопје, 2020



Борци на битолскиот партизански одред "Гоце Делчев" , 1943

# АСНОМ - ДУХОТ НА ПОБЕДАТА, СЛОБОДАТА И ДРЖАВАТА МАКЕДОНСКА

АСНОМ е апогеј на македонската националноослободителна борба, оти токму со него, преку конституирањето на македонската национална држава на 2 август 1944 година, конечно се овоплотија државотворните пориви на македонскиот народ. И не, не беше тоа чин на некаков заговор, туку чин кој произлезе од легалното и легитимно право на самоопределување, кој се изнедри од епската националноослободителна и антиокупаторска борба против бугарскиот, италијанско-големоалбанскиот и германскиот окупатор.

АСНОМ не е само македонски драматичен судир со стварноста во која македонскиот народ поведе своја антифашистичка борба и на тој начин се осојузи со најпрогресивните светски сили, туку, уште повеќе, тоа е македонскиот драматичен судир со историјата, со трагичната повеќевековна историска судбина на Македонија како „монета за поткусурување", со милениумската ропска и туѓонационална свест, со македонското себеизнајмување за топовско месо во туѓи војни. Во тие неколку часа во манастирот „Св. Прохор Пчински", всушност, се кондензира сета македонска национално-културна и државотворна традиција, за да се роди Демократска Федерална Македонија во рамки на Демократска Федеративна Југославија.

И добро е да се знае дека АСНОМ не е само 2 август 1944 година, туку тој е низа од натчовечки напрегања, од јуриши на цевките на митралезите, од исцрпувачки маршеви во жега и студ, од крв, пот, страдања и сонувања. Нашата македонска асномска револуција е втемелена врз определбата за политичка и културно-националната кохезија на македонскиот народ и произведена со луцидноста на партиските раководители, со решителноста на партизанските команданти и со слободарскиот занес на нејзините борци.

Не, АСНОМ не е само 2 август 1944 година, туку е и поука дека победата е неминовност кога ќе се надминеш сам себе, така што ќе бидеш во секој момент спремен да го оставиш своето тело на олтарот на слободата и правдата. Овистинување на универзалниот принцип: борецот секогаш мора да се бори, а да преживее - не мора. И, затоа АСНОМ е јасна отсечка меѓу македонскиот ужас и македонскиот триумф, но и резултат од силната волја на македонските партизани за национална и социјална слобода.

АСНОМ е неуништивото присуство на духот сoѕидан од желбата и борбата за слобода, правда, еднаквост и создавање на македонска држава. Од стремежот да се создаде место без антимакедонските сенки на врховизмот, без антимакедонските сенки на големосрбизмот,

големобугаризмот, големоалбанизмот и големогрцизмот. Македонската држава конституирана на 2 август 1944 година беше токму така замислена и токму во тој хуманистички и македонистички дух градена и изградувана. Затоа можеше во наредниот постасномски повеќедецениски развој Македонија и Македонците да постигнат импресивни резултати на сите полиња од животот и да воспостават целосна меѓународна национална афирмација. Оттаму, АСНОМ е жив државотворен и национално-културен феномен. И додека е АСНОМ жив, дотогаш ќе биде жива и македонската нација и држава.

И ние, во името на најголемото и најважното македонско национално и државотворно дело - АСНОМ, сме должници на оние кои гниеа по затворите на окрунетениот сакскобурготски лав, беа измачувани во занданите на викторемануелевата империја, гинеа пронижени од круповите куршуми, на оние кои на 2 август 1944 година беа храбри и доблесни на македонски начин да се соочат со историјата и иднината. Сите тие се асномци, иако некои од нив не присуствуваа на историското Прво заседание, но ние денес должни сме да им ги запаметиме имињата, да им изградиме бисти и споменици, да напишеме книги за нив како паметници за нивниот лик и дело, да си споменеме на нив во секоја свечена пригода. Оти АСНОМ е духот на победата, слободата и државата македонска.

Д-р Александар Литовски




# ПРЕСПАНСКОТО СОВЕТУВАЊЕ – ИНИЦИЈАТИВА И ПОЧЕТОК НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА СВИКУВАЊЕ НА АСНОМ


Кузман Јосифовски – Питу


Цветко Узуновски – Абаз

Подготовките за свикување на (АСНОМ), како највисоко претставничко тело на македонскиот народ, започнале на вториот состанок на Централниот Комитет (ЦК) на Комунистичката партија на Македонија (КПМ), одржан на 2 август 1943 година, во близината на с. Отешево, познат уште и како **Преспанско советување**.

На ова советување биле донесени одлуки од огромна важност за идното конституирање на македонската држава, а кои се однесувале на создавање повисоки форуми на народната власт и на народноослободителниот фронт на Македонија, со крајна цел, создавање поволни услови за образување и свикување на едно антифашистичко собрание за народно ослободување на Македонија (АСНОМ).

Покрај овие одлуки, на советувањето била направена анализа на воено-политичката состојба во земјата и бил даден приказ на дотогашниот развиток на народноослободителната борба во Македонија. За понатамошен развој на борбата било одлучено да се пристапи кон формирање на поголеми воени единици.

Во подготовките за свикување на АСНОМ, значајна улога му припаѓа и на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, кој основните програмски поставки, врз кои треба да се темели идната државно - правна положба на Македонија, ги изразува преку Манифестот до македонскиот народ од октомври 1943 година.


Страхил Гигов


Добривоје Радосављевиќ – Орце


Светозар Вукмановиќ – Темпо




Извештај од Кузман Јосифовски – Питу до ЦК на КПМ, каде што се споменува АСНОМ, 4 октомври, 1943 год.


Учесници на Преспанското советување


Извештај од Темпо до ЦК на КПЈ, каде што се споменува АСНОМ, 8 август, 1943 год.


Споменик на местото каде е одржано Преспанското советување, с. Отешево, Преспа


Дел од споменикот со легенда за одржаното Преспанско советување, с. Отешево, Преспа



Михајло Апостолски, Методија Андонов - Ченто и Светозар Вукмановиќ – Темпо

# ФОРМИРАЊЕТО И ДЕЈНОСТА НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР



Членови на ГШ на НОВ и ПОМ и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ за време на пролетната офанзива, 1944 год.



Партизанска колона во Февруарски поход

ИИницијативниот одбор за свикување на АСНОМ е формиран во првата половина на ноември 1943 година, од страна на Главниот штаб на НОВ и ПОМ на Македонија. Неговата основна задача била да ги изврши нужните организациско-политички подготовки, за да се избере и конституира највисокото претставничко и извршно тело на народната власт во Македонија.

Освен најважната задача, Иницијативниот одбор извршувал и други функции, како: политичко раководење, јакнење и поврзување на околиските и окружните народноослободителни одбори; одржувал комуникација и кореспонденција со Врховниот штаб на НОВ и ПО на Југославија и со останатите учесници







Проглас од  Акциониот комитет на народноослободителниот фронт на Македонија за стапување во народноослободителната војска на Македонија



Формирање на Втората македонска ударна бригада со командант на ГШ на НОВ и ПОМ, Михајло Апостолски, с. Фуштани, егејски дел на Македонија, 19 декември 1943 год.





Борци на Првата македонско-косовска ударна бригада, с. Караџова, егејски дел на Македонија, јануари 1944 год.



Врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз Тито, држи говор на Второто заседание на АВНОЈ



Формирање на баталјонот „Страшо Пинџур“ на Кајмакчелан, 11 ноември 1943 год.

во антифашистичката борба; испраќал писма и прогласи до македонското население и до емиграцијата, во кои ги запознавал со неговите активности и со текот на подготовките за одржување на антифашистичкото собрание итн.

Според функциите што ги извршувал и одлуките што ги носел, до одржувањето на АСНОМ, ИО се легитимирал како највисок привремен орган на народна власт во Македонија.

Кога се зборува за подготовките и одржувањето на АСНОМ, потребно е да се спомене и значењето на Второто заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија (АВНОЈ), одржано во г. Јајце во БиХ (29-30.11.1943 год.), чии одлуки имале големо значење во создавање на политичка и правна основа за свикувањето на АСНОМ.




Говор на Методија Андонов – Ченто, претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ




Повик за формирање на народно – ослободителни одбори во Македонија, 14 март 1944 год.




Дел од делегатите на Второто заседание на АВНОЈ





Зградата каде е одржано Второто заседание на АВНОЈ, 29-30 ноември 1943 год., Јајце, БиХ



Одлука на АВНОЈ за изградба на Југославија на федеративен принцип, 29 ноември 1943 год.




Записник од заедничката седница на Иницијативниот одбор и ГШ на НОВ и ПОМ, 6 мај 1944 год.



Петре Пирузе Мајски, командант на Втората оперативна зона




Записник составен на првата седница на проширениот иницијативен одбор, 30 април 1944 год.



Салата во која е одржано Првото заседание на АСНОМ, 2 август 1944 год.

# ПРВО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ



Военото и политичкото раководство на НОВ на Македонија на пат кон манастирот „Прохор Пчински“



Селани - борци од козјачкиот крај за време на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ

Првото заседание на АСНОМ, одржано на 2 август 1944 год., во манастирот „Прохор Пчињски“, каде АСНОМ се конституира како највисоко законодавно и извршно тело, донесе одлуки од непроценлива вредност за конституирањето и развојот на македонската држава.

Прогласувањето на современата македонска држава на Првото заседание на АСНОМ претставува историски факт, кој има трајно и непорекливо значење во однос на остварувањето на правото на самоопределување на македонскиот народ.

Во текот на НОВ, во Македонија беа поставени сите основи на идната македонска државност врз правото на самоопределување: јасно дефинирана национална програма и цели,



Претставници на британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПОМ за време на Првото заседание на АСНОМ



Општа народна веселба на народот и делегатите на АСНОМ по повод донесените решенија за конституирање на македонската држава



Панорама на манастирот „Прохор Пчински“





Воеността и политичкото раководство на НОВ на Македонија за време на Првото заседание на АСНОМ



Претставници на британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПОМ пред манастирот „Прохор Пчински“

создавање народноослободителна војска и ослободување на територијата од окупаторот, слобода за македонскиот народ на поширокиот балкански простор и формирање народноослободителни одбори, како зародиш на новата држава, со сите функции на власт.

Правото на македонскиот народ на самоопределување, остварено во текот на Втората светска војна, заедно со силите на антифашистичката коалиција, потврдено со АСНОМ и со подоцнежниот развој, како и прогласувањето независност на македонската држава на 8.9.1991 год., подразбира право на народот самиот да решава за својата судбина, не засегнувајќи и не загрозувајќи ги интересите и правата на другите држави.



Веселба на селани пред манастирот „Прохор Пчински“



Делегати, борци и селани пред манастирот „Прохор Пчински“



Заштитен појас од борци на Третата македонска ударна бригада за безбедна работа на Првото заседание на АСНОМ



Поздравна телеграма испратена до АСНОМ од 25-та дивизија на НОВ на Србија



Поздравна телеграма од АСНОМ до маршалот на СССР, Сталин



Поздравна телеграма од АСНОМ до македонската емиграција во САД



Поздравна телеграма од АСНОМ до господинот Черчил, претседател на Владата на Велика Британија



Поздравна телеграма од АСНОМ до Димитар Влахов, потпретседател на АВНОЈ



Поздравна телеграма од АСНОМ до македонската емиграција во Бугарија



Поздравна телеграма од АСНОМ до господинот Френклин Рузвелт, претседател на САД





Програма на Првото заседание на АСНОМ



Список на членови на Президиумот на АСНОМ



Список на членови на Президиумот на АСНОМ и персоналот







Список на учесници на Првото заседание на АСНОМ

Меѓународното признавање на нова Југославија, кое се случи кон крајот на Втората светска војна, истовремено значеше и признавање на АСНОМ, поточно на новата македонска држава. Ова признание се покажува и во присуството на претставници на антифашистичката коалиција (САД, Велика Британија и СССР) на заседанието во манастирот „Прохор Пчињски“, што симболично се огледа и во иконографијата од самото заседание, каде покрај југословенското и македонското знаме, присутни се и знамињата на трите големи сили, основачите на антифашистичката коалиција, заедно со портретите на нејзините предводници.



Народни претставници од АСНОМ за пратеници за АВНОЈ и за Президиумот на АВНОЈ



Правилник за работа на Првото заседание на АСНОМ



Список на членови на верификациона комисија на Првото заседание на АСНОМ





Решение на АСНОМ за негово конституирање како врховно законодавно и извршно тело и највисок орган на државна власт во Демократска Македонија





Решение на АСНОМ за оддавање признание и благодарност на Народноослободителната војска на Македонија



Решение на АСНОМ за образување на државна комисија за утврдување на престапки на окупаторот и нивните помагачи



Решение на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава



Решение на АСНОМ за образување на законодавна комисија при Президиумот на АСНОМ



Решение на АСНОМ за прогласување на Илинден за државен празник на македонската држава



Решение на АСНОМ за одобрување на решенијата, заповедите и задолженијата на ГШ на НОВ и ПОМ и Иницијативниот одбор за АСНОМ



Декларација на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија















Полномошна на лица кои ќе ги претставуваат народните пратеници кои се спречени да присуствуваат на Првото заседание на АСНОМ




Делегати и гости на Второто заседание на АСНОМ

# ВТОРО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ



Работна атмосфера на Второто заседание на АСНОМ




Лилјана Чаловска држи говор на Второто заседание на АСНОМ

Слободно Скопје е местото на одржување на Второто заседание на АСНОМ (28 – 31.12. 1944 год.), на кое се донесени значајни решенија за изградбата на новата народна власт, за организирана работа на народноослободителните одбори на федералната македонска држава, за кооптирање членови на АСНОМ, за основање на суд за судење на престапите против македонското национална чест, за одобрување на работата на Президиумот меѓу двете заседанија. Врз база на овие решенија, Президиумот, поверенствата и другите органи на народна власт развиваат широка активност во обновувањето на опустошената земја, во развивањето на стопанскиот и општествениот живот во Македонија.



Претседателот Методија Андонов – Ченто држи говор на Второто заседание на АСНОМ



Дел од делегатите и гостите на Второто заседание на АСНОМ, во прв ред, од лево надесно: Димитар Влахов, Павле Илиќ, советскиот мајор Инков, британските мајори Милер и Дикенсон





Дел од делегатите и гостите на Второто заседание на АСНОМ, во средина Чеде Филиповски – Даме

На ова заседание, покрај делегатите, присуствуваат и претставници на Националниот комитет за ослободување на Југославија, на Отечествениот фронт на Бугарија и претставници на советската и англоамериканската воена мисија во Македонија.



Дел од делегатите на Второто заседание на АСНОМ



Дел од делегатите на Второто заседание на АСНОМ



Дел од присутните делегати и странски учесници на Второто заседание на АСНОМ



Началникот на ГШ на НОВ и ПОМ, Михајло Апостолски, држи говор на Второто заседание на АСНОМ



Дел од присутните на Второто заседание на АСНОМ


ПРЕЗИДИУМ НА А.С.Н.О.М.

ПРОПУСТНИЦА ЗА II СОБРАНИЕ
на А.С.Н.О.М.

За другарот

24-XII-1944 год.
Скопје

ОТ ПРЕЗИДИУМОТ

Пропусница за Второто заседание на АСНОМ
на име Симеон Ивановски


ПРЕЗИДИУМ НА А.С.Н.О.М.

ПРОПУСТНИЦА ЗА II СОБРАНИЕ
на А.С.Н.О.М.

За другарот

24-XII-1944 год.
Скопје

ОТ ПРЕЗИДИУМОТ

Пропусница за Второто заседание на АСНОМ
на име Киро Ангелов




Список на членовите на Президиумот на АСНОМ
избрани на Второто заседание на АСНОМ


Решение за кооптирање на членови за
Второто заседание на АСНОМ


Решение за одобрување на
работата на Президиумот
на АСНОМ, меѓу Првото и
Второто заседание на АСНОМ


Дневен ред на Второто
заседание на АСНОМ


Решение на Второто заседание
на АСНОМ, со кое Емануел
Чучков се избира за член
на АСНОМ на местото на
починатиот Тодор Циповски



Список на присутни на Второто заседание на АСНОМ



Решение на Второто заседание на АСНОМ за основање на Македонска стопанска банка



Решение на АСНОМ за создавање суд за судење на престапите против македонската национална чест



Полномошно од членови на АСНОМ за Бане Андреев – Ронката да биде претставник на заседанието на АВНОЈ




После гласањето на првите слободни избори во Скопско, 1945 год.

# ТРЕТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ И ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ДРЖАВНОСТА



Прва народна влада на
Демократска Федеративна Македонија



Решение на народната влада на Македонија за
македонската азбука, 3 мај 1945 год.

На Третото заседание на АСНОМ (14 -16.4.1945 год.), донесени се одлуки со кои формално се воспоставува уставно-правна основа, на која ќе се заснова идната македонска држава.

На ова заседание е донесен закон за изменување и дополнување на решението на АСНОМ, со кое тој се конституира како врховен законодавен и извршен орган на државната власт на демократска Македонија, претворајќи се во народно собрание на Македонија.



Масовен митинг во Скопје, 1945 год.




Масовен младински митинг во Скопје, 1945 год.



Митинг во слободно Скопје, 1945 год.



Масовен митинг во слободен Гостивар, 1945 год.






Пропусница за Третото заседание на АСНОМ на Киро Илиев - Ангелов

Потоа е донесен указ за именување на народна влада на Демократска Федеративна Македонија (16.4.1944 год.), а со донесувањето на првиот устав на Народна Република Македонија, на 31.12.1946 година, од страна на уставотворното собрание на НРМ, се заокружи еден значаен историски период во процесот на конституирањето на македонската држава.





Говор на претседателот на АСНОМ, Методи Андонов – Ченто, со кој се отвора Третото заседание на АСНОМ



Дневен ред на Третото заседание на АСНОМ



Дневен ред на Третото заседание на АСНОМ (I и II сесија)



Список на членови на Президиумот и Народното собрание на Македонија



Записник бр. 11 од Президиумот на Народното собрание на Македонија за давање мандат за формирање на народна влада ДФ Македонија



Записник бр. 12 од Президиумот на Народното собрание на Македонија за издавање указ за образување на влада на ДФ Македонија



Предлог - закон за изменување и дополнување на решението на АСНОМ за конституирање на АСНОМ како врховен законодавен извршен орган на државната власт на Македонија









Предлог - закон за народна влада на Македонија



Указ за именување на народна влада на ДФ Македонија



Спомен - обележје во чест на АСНОМ во Скопје

# КУЛТУРА




Културно-просветна приредба во Дебарца по донесените историски одлуки на Првото заседание на АСНОМ

Одлуките на АСНОМ донесоа нова епоха во културниот развој на новоформираната македонска држава. Една од најважните одлуки на Првото заседание на АСНОМ претставува воведувањето на македонскиот јазик како службен јазик во земјата и неговото подоцнежно кодифицирање.

Во следниот период, државните органи сериозно се зафатиле со поставување на темелите на националната културна преродба. Започнала реорганизација на наставната програма; се формирала музичка, учителска и уметничка школа.



Просторијата со техниката и персоналот на партизанска печатница во с. Горно Врановци, каде што е испечатен првиот број на весникот „Нова Македонија“, 29 октомври 1944 год.



Спомен - обележје на местото каде е одржано Преспанското советување, с. Отешево, Преспа



Партизанска приредба во с. Белчиште по донесените историски одлуки на Првото заседание на АСНОМ





Меморијален центар „Пелинце“ во чест на АСНОМ

Се појавила и првата генерација на повоени поети и уметници. Народно - ослободителната борба била инспирација за изградба на голем број споменици и спомен - обележја, како места за паметење преку кои се искажува благодарност кон партизаните за нивната жртва и заслуги.

Истовремено, започнала да се развива и медиумската култура, преку отворање на првите радиостаници, печатење на првите весници на стандардизираниот македонски јазик, како и на јазиците на другите националност: албански, турски и слично.

Во следните години, во неколку градови низ земјата се изградиле спомен - домови на културата, во чест на АСНОМ и неговото значење.



Нова Македонија

Весникот „Нова Македонија“, 27 декември 1944 год., бр. 25



Нова Македонија

Весникот „Нова Македонија“, 29 декември 1944 год., бр. 26



Нова Македонија

Весникот „Нова Македонија“, 31 декември 1944 год., бр. 27

издавач
**Музеј на Република Северна Македонија**

за издавачот
**в.д. директор Јован Шурбаноски**

автор на изложбата
**м-р Боро Бунтески**

координатор на проектот
**Илија Цурев**

стручен консултант
**д-р Александар Литовски**

соработници
**Здравко Стојкоски**
**Јана Гочевска**
**Анета Попантоска**

лектура
**Татјана Нанкова**

дизајн на изложба
**Јован Ивановски**

графички дизајн
**Леон Џинго**

техничка реализација
**Иванчо Велков**
**Михаило Апостолов**

печати
**Европа 92**

тираж
**120**

Изложбата е финансиски поддржана од Министерство за култура на Република Северна Македонија